

# граѓански ПРАКТИКИ

Македонски
центар за
меѓународна
соработка

Број 11

## ФЕМИНИЗАЦИЈА НА СИРОМАШТИЈАТА - УЛОГАТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ЖЕНСКИТЕ ГРУПИ ВО НЕЈЗИНОТО СПРЕЧУВАЊЕ

## ЕКОНОМСКО И ПОЛИТИЧКО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ ВО ТРАНЗИЦИСКИТЕ ЗЕМЈИ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

# Граѓански практики

Феминизација на сиромаштијата - улогата на граѓанските организации и женските групи во нејзиното спречување

Економско и политичко зајакнување на жените во транзициските земји во Југоисточна Европа работење

Број 11

МЦМС

Македонски центар за меѓународна соработка

**Библиотека:** Граѓанско општество
Граѓански практики

**Издавач:**
Македонски центар за меѓународна соработка

**Извршен директор:**
Сашо Клековски

**Одговорен уредник:**
Гонце Јакoвлеска

**Лектор:**
Даниел Медароски

**Дизајн и подготовка:**
Кома лаб. – Скопје

**Печатница:**
Графохартија – Скопје

**Тираж:** 500

**Адреса на издавачот:**
Македонски центар за меѓународна соработка
ул. „Никола Парапунов" бб, п. фах 55
1060 Скопје, Република Македонија

**e-mail:** mcms@mcms.org.mk
www.graganskisvet.org.mk

# СОДРЖИНА

Содржина


7 Улогата на женските организирани форми врз промена на политиките и поставување нови прашања на политичките агенди
Даниела Димитриевска

13 Феминизација на сиромаштијата - улогата на граѓанските организации и женските групи во нејзиното спречување
Викторија Јакимовска

19 Економско и политичко зајакнување на жените во транзициските земји во Југоисточна Европа
Анифа Демировска

31 „Моето лице, моето постоење"
Катерина Николова

38 Белешки за авторите

Даниела Димитриевска

# Улогата на женските организирани форми врз промена на политиките и поставување нови прашања на политичките агенди

## Краток преглед на женското движење - судбината на една чајанка

Прашањата коишто ги засегаат жените во различните сфери на живеењето биле предмет на дискусија и акција низ вековите. Постојат записи уште од времето на Византија за донесување правни актови за зголемување на слободата а жените, па преку здружување на жените низ научни кругови и издавање женски весници во Холандија. Сите тие низ вековите знаеја дека нивната положба не е иста со онаа на мажот.

На 13 јули 1848г. во Њујорк една чајанка беше основа за организирање на првата конвенција за женските права. Конвенцијата ги препозна прашањата што беа битни за жените од тоа време, како што се: правото на глас; правото на наследство; редуцираност во изборот на професионалниот живот; немање влијание врз разводот и одгледувањето на децата.

Подоцна овие прашања ќе бидат ставени во агендите на женските движења и организирани форми за што поупорно дејствување и примена на елементите на граѓанскиот сектор за да бидат со текот на времето и остварени.

Во Република Македонија првите пишани документи потекнуваат од пред илинденскиот период каде жените активно се здружувале на темата околу националната борба, со неможност во тие услови да се помрдне патријархалниот модел.

Во средината на 19. век во Македонија се појавуваат првите учени жени од универзитетите низ Европа, кои во Македонија формираат тајни женски друштва коишто се занимаваат со два аспекта - националниот аспект и еманципаторскиот аспект. Има неколку обиди да се вметне рамноправниот женски сегмент во структурите на движењето, но иако има поддршка од високи револуционери, заради неспремноста, тоа е одбиено.
Вториот налет на поставување прашања од интерес на жените е за време на 60-тите години од минатиот век. Тогаш се поставуваат прашањата за:

- репродуктивните права;
- смејното насилство;
- породилното отуство;
- еднаква плата за исто работно место;
- сексуалното вознемирување;
- формите на дискриминација и други социјални и политички прашања.

Развивањето на феминизмот како збир на социјални теории, политички движења и филозофија на моралот ги мотивира жените да се здружуваат и заеднички, организирано да спроведуваат активности против нееднаквоста, социјалното и историското влијание врз формирањето на родовите разлики.
Поради правичноста како основа на движењето, женското движење активно се вкчува во ,,борбата,, за остварување на целите на другите движења, како движењето против расизмот, мировните движења и движењата за сексуалните определби.

## Кога прашањата од интерес да станат политички прашања?

Одредени проблеми прераснуваат во прашања и појави, доколку тоа се проблеми на поголема група луѓе. Идентификувањето на проблемите се основа за претставување одредени појави и состојби.
Кога станува збор за поставување на проблемите на ниво на прашања и состојби во женскиот сектор во Република Македонија, евидентно е поставувањето голем број прашања во различни сфери.
Од моментот кога невладините женски организации во Р. Македонија се ослободија од ,,товарот" на извршување на улогата на главен дистрибутер на социјална и добротворна работа во средината на деведесеттите години од минатиот век, се свртија себеси и кон своите потреби. Со самото свртување кон себе и кон своите потреби се идентификуваа прашања коишто во тоа време во извесна мера беа табуа, семејни работи или прашања за коишто не се дискутирало во јавноста, како на пример: семејното насилство;

специфичните потреби на жената во однос на здравството; сексуалното вознемирување; дискриминацијата по однос на полот и многу други прашања. Со идентификувањето на прашањата се јавуваат и специфични целни групи коишто се поврзани со проблемот.
Откако се идентификуваа прашањата, се наметна потребата тие да бидат ставени како тема во јавноста, за да може да станат политички прашања.
При идентификација на прашањата секогаш има потреба од идентификување на целната група и бројот на истата, во смисла колку луѓе имаат потреба од решавање на тоа прашање и на крајот кои се тие луѓе. Ќе го земам примерот на воведувањето на прашањето семејно насилство во јавноста.
Семејното насилство во Македонија во средината на деведесетите години од јавноста на Република Македонија беше апсорбирано како прашање што задира во интимноста на семејството и коешто му се случува на општеството некаде зад завесите. Како идентификуван проблем му се пристапи на него со разработка за да ги добие сите елементи на појава. Со формирањето на СОС-линијата, жртвите од семејното насилство ги извадија проблемите на виделина, за потоа истражувањата да покажат дека секоја четврта Македонка била жртва на семејното насилство. Одеднаш проблемот станува општа појава. Доколку тоа е секоја четврта жена, тоа значи дека жртвите се нашите роднини, нашите пријателки, колешки. Прашањето стана политичко прашање со самото тоа што женските организации проговорија за тоа и го демистифицираа истото. Не се шепотеше за семејното насилство, напротив, гласно се говореше, се откриваше проблемот од сите аспекти... Стана прашање за коешто е потребно решение! Проблемот, прашањето за семејното насилство, стана прашање за коешто се говори во јавноста.
Да се говори во јавноста за едно прашање, да се разработуваат сите аспекти на појавата, претставува само почеток на еден процес на меѓусекторско дејствување, со цел прашањето да се најде на политичката агенда.

## Како прашањата да бидат ставени на политичките агенди?

Прашањата коишто ќе бидат поставени на политичките агенди имаат реална шанса да бидат вметнати во законска регулатива. Но, во меѓувреме постои широк спектар на активности коишто треба да бидат преземени, како:

- постојано присуство на темата во јавноста;
- меѓусекторско поврзување;
- комплетирање на податоците за проблемот;
- развивање стратегија;
- соработка;
- лобирање.

Доколку повторно како пример го земеме случајот на семејното насилство во Република Македонија, ќе забележиме дека покрај тоа што темата беше презентирана во јавноста, покрај тоа што задржуваше внимание, сепак таа веднаш не се најде на политичките агенди од едноставна причина што во исто време се отвори ново прашање коешто е алка во поставувањето одредни прашања на политичката агенда, а тоа е присуството на жените во политиката, жени со политичка моќ и во одлучувачките органи.

Несомнено дека мажите во политиката тешко би ги ставиле на политичката агенда прашањата од овој тип (како семејното насилство и др.) доколку не дојде иницијативата од самата партиска структура.

Во тој момент на поставување на појавата се постави прашањето на тоа кој е субјектот којшто ќе го постави ова прашање на политичката агенда кога состојбата со жените беше следнава: 6,6% жени во Собранието на Република Македонија, 30 % жени во политичките партии и жени на одлучувачки позиции кои се бројат на прстите на една рака. И проблемот не лежи само во малата застапеност, туку и во родовата чувствителност кај истите.

Прашањето што се поставуваше беше како на овие жени да им се укаже дека тие се наши претставници и дека ние како жени имаме специфични потреби и специфични начини на решавање на проблемите. Од друга страна, политичката клима во Македонија не поддржуваше соработка и идентификување заеднички прашања за решавања, така што и тој јаз требаше да се премости, со цел ставање на прашањето на политичка агенда.

Во процесот на поставувањето на прашањето сфативме дека за да се постават одредени прашања во интерес на жената, треба да се изградат механизмите на поддршка, на квантитативна и на квалитативна основа, која подразбира доверба, поддршка, солидарност и заедничка активност.

Доколку прашањето на решавањето на семејното насилство не претставуваше политички проблем и не ги вклучуваше ретроградните процеси, прашањето на учеството на жените во политиката и на одлучувачките органи стана во голема мера политичко прашање, затоа што овој пат станува збор за делење на моќта (на којашто мажите во политката не беа навикнати) и според сфаќањето на одредени мажи, одземање на местата на „квалитетни луѓе" и нивно „доделување" некому само заради нивниот пол. За воведувањето на квотата во одлучувачките структури требаше да се поседува силна поддршка во базата, што значи да се зголеми бројот на жените во политичките партии од една страна, додека од друга страна „товарот" што го понесоа жените на одлучувачките органи беше во тоа што мораа да бидат беспрекорни примери без ниеден недостаток, кој би влијаел негативно врз процесот.

Жените во политиката многу тешко ќе можеа самите да се изборат доколку зад нив не стоеја жените од граѓанските организации кои праќаа јасни по-

раки во јавноста околу учеството на жените во политиката и во одлучувачките органи и доколку практично не помогнаа во процесот со тоа што организираа голем број курсеви, едукативни семинари и програми коишто практично и едукативно го потпомогнаа овој процес.

Со формирањето на Македонското женско лоби како група за притисок врз институциите се создаде медиум каде жените од различните структури (граѓански организации, политички партии, Собрание на Р. Македонија, синдикат, локална самоуправа, Влада) стратешки ќе ги поставуваат прашањата, ќе ги анимираат во јавноста, ќе ги застапуваат пред институциите и ќе лобираат во одлучувачките органи.  Оваа форма на здружување во Македонското женско лоби овозможува прашањето да се постави на политичка агенда и да придонесе до решавање на истите и да го скрати патот и времето, заради тоа што се дејствува координирано и се знае и потенцијалот и силината на дејствување. Заради  добрата координацијата, се договара вистинскиот момент со каква активност со какво лобирање да се поддржи и успешно се избираат лицата и институциите од коишто зависат одлуките.

Неспорно е дека преку јакнењето на жените во политиката, како и заедничката соработка во Женското лоби на политичката агенда се поставени голем број прашања од интерес на жената. Неспорно е дека оваа „машинерија" или овој тим дал повеќе резултати во целиот регион, а на многу прашања дури и имаме предност во Европа.

## Кои се резултатите, а кои се предизвиците?

Најголем резултат е тоа што и жените во политиката и жените во граѓанските организации и жените од институциите научија дека без координирано дејствување, без заедничка стратегија, не може толку брзо и толку лесно прашањата да бидат ставени на политичката агенда.

Политичката агенда бара поставување на прашањата едно по едно. Капацитетот на силите е: покажи резултат, постави ново прашање поврзано со претходното, со цел искористување на заинтересираноста на јавноста за прашањето.

Лобирањето како форма е неопходен елемент за добивање резултат, но и во процесот на предвидување на движењето на прашањата од политичка агенда до конкретна реализација.

Кога станува збор за женското организирање и поставување на прашањата на политичка агенда, можеме да истакнеме дека учеството на жените во политиката и во одлучувачките органи е важно како потпорен механизам за поставување други прашања од интерес за воведувањето на квотата на

кандидатските листи во Собранието на Р. Македонија. Оваа квота најпрвин беше партиска квота, па прерасна во државна законска обврска на Парламентарните избори 2002. За неа се лобира на изборите на локално ниво за унапредување со рамномерна застапеност, т.е. за квота од 30% на целиот дел на листата (од Парламентарните избори 2002), по што се доби рамномерната застапеност на локалните избори за 30% од помалку застапениот пол на горниот дел на листата и 30% од помалку застапениот пол на долниот дел на листата. Ваквото решение овозможи застапеност на жените во советите и во руралните средини, а доколку не постоеше оваа мерка, тешко дека уште за многу години ќе се најдеа жени во улога на советнички. Оваа одредба помогна и во тоа што жени од другите заедници, како Албанки, Ромки, Бошњачки, Турчинки се најдоа меѓу избраните советнички. Овој резултат не доаѓа сам по себе, туку тој има задача на поддршка и влијание со оглед дека локалната власт поминува низ процесот на децентрализација и предлозите и одлуките што ќе се однесуваат на секојдневното живеење во голема мера зависат од одлуките на советите.

Родово балансираната квота воведена во изборниот законик во 2006 г. обезбедува рамномерно учество на помалку застапениот пол низ целата листа за парламентарни и за локални избори. Оваа мерка има за цел претставување на правичноста и заради потпора при поставувањето на прашањата на политичката агенда.

Развојот на родовата машинерија преку организирани форми на локално и на национално ниво има голема поддршка за зацврстување на прашањата битни за жените преку Законот за еднакви можности помеѓу мажите и жените. Овој закон ги поставува основите на релациите во националната машинерија

Законот за работни односи со одредени амандмански измени се однесува на родителското отсуство и на големината на периодот на породилното отсуство.

Семејното насилство како проблематика е решено во Кривичниот законик и во други акти и постапки, а притоа би го зеле резултатот којшто предвидува и формирање и национални СОС-линии и засолништа програмски и финансиски поддржани од Владата и од ресорните министерства.

Тука се и законските измени и програмските поставувања во здравствената сфера, како задолжителните гинеколошки прегледи за секоја жена еднаш во годината.

Сите овие и други теми поставени пред виделината на јавноста, вметнати во програмите на политичките партии и на крајот резултирајќи со законски измени, како и сите други предизвици претставени пред нас, се резултат на здружената, солидарна активност. Тие се резултат на заедничко пронаоѓање на приоритетите и огромна меѓусебна поддршка што резултира со брза, навремена и соодветна акција и со воспоставени практики.

Викторија Јакимовска

# Феминизација на сиромаштијата - улогата на граѓанските организации и женските групи во нејзиното спречување

Движењето за полова рамноправност е еден од одлучувачките развојни трендови во светот. Покрај постигнатите резултати и постигнатиот напредок, жените во многу земји, а особено во земјите во развој, сè уште се на маргините на општеството, сè уште се соочуваат со дискриминација, како на отворен, така и на прикриен начин.

Глобализацијата на светската економија остави многу големи последици врз многу земји во светот. Трансформацијата на светската економија доведе до ширење огромна сиромаштија. Јазот меѓу богатите и сиромашните земји сè повеќе се продлабочува со развојот на слободната пазарна економија. Разликата во доходот меѓу богатите и сиромашните земји во 1800 година изнесувал 3:1, во 1900 година 10:1, а во 2000 година 60:1.

Гледано глобално, во најтешка положба се жените. Феминизацијата на сиромаштијата е растечки феномен.  Најголемиот дел или поточно  70% од 1,3 милијарда луѓе од целиот свет кои живеат во апсолутна сиромаштија им припаѓа на жените. Околу 900 милиони жени во светот имаат приходи помали од 1€ на ден. За нив глобализацијата нема хумано лице. Врската меѓу половата нееднаквост и сиромаштијата станува денешна реалност. Жените произведуваат половина од храната во светот и сè уште заработуваат само 10% од светските приходи и поседуваат 1% од светскиот имот.

Сиромаштијата ја погодува женската популација со најголем интензитет, имајќи предвид дека жената најчесто нема рамноправен пристап со мажот кон економските извори на егзистенција од една страна, а од друга, сиромаштијата го погодува целото семејство, па сепак, поради природата

на одговорноста што ја има жената во семејството, сиромаштијата ја погодува многу повеќе жената отколку мажот.
Тековното преструктуирање на економиите на земјите во транзиција исто така остави несразмерно големи последици врз жените, а особено на нивното вработување. Бројот на жените кои живеат во сиромаштија се зголемува во однос на бројот на мажите. Покрај економскиот фактор, значајна улога играат и други фактори, како што се ограничениот пристап на жените до моќ, образование, обука и продуктивни ресурси. Во такви услови жените се принудени да прифатат каква било работа. Често жените работат неплатена семејна работа или прифаќаат вработувања на коишто им недостасува долгорочна сигурност или вклучува опасни работни услови. Во структурата на неплатениот семеен работник жените се повеќе застапени од мажите (58% во 2000 година)[1]. Бројот на жените меѓу сиромашните се зголемува и како последица на неадекватната поделба на одговорностите во домаќинството.
Феминизацијата на сиромаштијата е поврзана со недостаток на пристап до економските ресурси, кредит, наследство, сопственост на земјиште или поточно кажано отсуство на економски можности, продуктивни ресурси, услуги за жената и нејзина автономност.
Постојат повеќе фактори коишто се поврзани со високата стапка на сиромаштија кај жените. Еден од нив е работниот статус на жената. Во Р. Албанија невработеноста на жените изнесува 21% (додека на мажите изнесува 18%). Во Р. Бугарија стапката на невработеност на жените во 2001 година е пониска во однос на мажите (18,4% жени, во однос на 20% мажи). Разликата во стапката на невработеност меѓу мажите и жените не е толку голема, додека поголема е разликата во стапката на вработеност - 10% (46,7% на жените и 56,7% на мажите). Во Србија и Црна Гора невработеноста на жената е во пораст и во однос на невработеноста на мажите е поголема за 26%. Во Р. Македонија во 2003 година 39,3% од невработените им припаѓаат на жените. Меѓутоа, од вкупно вработени во Република Македонија во 2003 година, 40% се жени, а 60% се мажи.
Следен фактор е степенот на образование. Образованието ја нуди најдобрата шанса за подобар живот, а сѐ уште 2/3 од една милијарда неписмени во светот се жени. Од 130 милиони деца кои не посетуваат основно училиште, 2/3 се девојчиња. Рамноправноста на пристапот и стекнувањето на образовните квалификации со себе повлекува и подобрување на положбата на жената. Во многу подрачја пристапот на девојчињата до образовните институции е отежнат или оневозможен, пред сѐ поради обичајните ставови, раните бракови, раната бременост, предрасудите во однос на половите, оддалечени и недостапни школски установи. Имено, сѐ уште постојат размислувања во поглед на приоритет на домашните обврски на девојчињата што често ре-

1 Анкета на работната сила - Државен завод за статистика на Република Македонија



зултира со недоволен интерес во образованието, а тоа понатаму остава долгорочни последици од аспект на економската положба на жената.
Жените често работат неплатена семејна работа поради укинатите субвенции за социјалните установи. Имено, кога се скратува субвенцијата за дневната грижа на децата, жените обезбедуваат бесплатно чување на децата во своите домови. Кога се скратуваат субвенциите за здравствените услуги, жените се тие кои водат грижа за оние кои би биле хоспитализирани.
Посебен вид пречка во поцелосното остварување на правото на партиципацијата на жената претставува возраста. Имено, жените со повисока возраст кои не се социјално обезбедени имаат поголеми пречки за повторниот влез на пазарот на трудот.
Со последиците што ги остави зад себе транзицискиот период се намалија можностите за наоѓање добро платени или заштитени и сигурни работни места, особено за жените над 40 години, жените со понизок степен на образование и оние кои имаат три и повеќе деца.
Новите современи трендови на глобализацијата ги погодија некои особено ранливи групи на жени:

- жените на село;
- самохраните мајки;
- домаќинќите;
- старите жени;
- жените припаднички на малцинствата (особено Ромките);
- жените со посебни потреби.

Во земјите во развој продуктивниот капацитет на жените треба да се зголемува преку пристап до капитал, ресурси, кредит, земјиште, технологија, информации, техничка помош и обука и продуктивно вработување за да се зголеми нивниот приход и да се подобри нивната положба. Реализирањето на продуктивниот капацитет на жените и нивното зајакнување ќе придонесе за намалување на сиромаштијата и за постигање одржлив развој.
Во поглед на подобрување на економската положба на жената, треба да се пристапи кон креирање економски политики коишто имаат позитивно влијание врз вработувањето и приходот на жените како во формалниот, така и во неформалниот сектор, промовирање на економските можности за жените и еднаков рамноправен пристап до продуктивните ресурси, следење и систематизирање на основните социјални, образовни и здравстевени проблеми на жените кои живеат во сиромаштија.
Меѓутоа, овде се бара и лична одговорност од страна на самите жени - сите заедно треба да дејствуваат во правец на намалување на дисбалансот во застапеноста на жените и мажите во одделните економски сфери и професии.

Дали и колку е жената во состојба да влијае реверзибилно на негативните процеси преку институциите на граѓанското општество? Граѓанските организации се генератори и мошне важни учесници на прогресот во една држава. Граѓанските организации обезбедуваат простор за независна, самостојна и организирана концентрација на сила, која може ефикасно да влијае и да ја промени политичката клима, да ја набљудува и контролира власта и да создава услови за промоција на еднаквост.

Формирањето на женските граѓански организации во едно граѓанско општество значи голем чекор во борбата за полова еднаквост на национално и на локално ниво и истовремено ја поттикнуваат желбата во жените за активност, промена и заедничка помош.

Членувањето во женските организации зависи од нивната мисија и ефективност. Компаративно, женските организации во Македонија се поактивни и бројат поголемо членство од тие во Албанија и во Бугарија. Од анкетата извршена врз намерен примерок на жени во Македонија, во Албанија и во Бугарија, добиените резултати покажуваат дека 35% од анкетираните во Република Македонија членуваат во женски организации, додека 23% од анкетираните во Република Албанија и само 6% во Република Бугарија. Во Република Македонија, во најголем број случаи, истражувањето покажа дека во женските организации членуваат повозрасни жени, жени со средно образование, разведени жени, жени од домаќинства кои немаат член со личен доход и службенички на раководна должност.[2]

Постојат неколку причини поради ниската популарност на женските организации во Република Бугарија. Една од нив е поврзана со фактот дека во почетокот на реформите овие организации беа силно политизирани и играа улога на сателити на политичките партии. Другата причина лежи во фактот што голем број од овие организации имаат краток мандат кој може да ги генерира само краткотрајните женски интереси. Очигледно е дека на женските организации им треба нов имиџ за да постанат вистински генератор во интегрирањето на жените во општеството.

Граѓанските организации и женските групи играат голема улога во заштитата на правата на жената и подобрување на нејзината положба во општеството. Нивните активности се насочени кон:

- Заложба за целосно имплементирање и спроведување на Платформата за акција, донесена во Пекинг на Четвртата светска конференција за жените;
- Вклучување жени со различни потреби во своите активности;

2 "Networking for success – Increasing Women Participation in Decision-Making and Policy Implementation on the Balkans", European Initiative for democracy and Human Rights, 2002

- Инсистирање на важноста за елиминирање на неписменоста меѓу сиромашните жени како прв чекор кон подобрување на статусот на жената, зголемување на нивните можности, имплементација на нивните права и остварување на нивните капацитети;
- Организирање семинари, тренинг-курсеви, едукативни активности насочени кон стекнување нови вештини;
- Организирање предавања за сиромаштијата и нејзините последици, но и механизми за нејзино намалување;
- Иницирање изработка и поддршка на закони и други правни акти од областа на вработувањето;
- Барање финансиски средства за обезбедување пристап до образование, здравство и социјални услуги на жените од сите возрасти кои живеат во сиромаштија, а особено во руралните области кои не се покриени од страна на владините институции;
- Во соработка со владата и со други партнери, обезбедување обуки и преквалификации, со цел стекнување широк обем на вештини од страна на жените кои ќе ги зголемат и прошират нивните можности за вработување и ќе им помогнат во исполнување на условите барани на пазарот на трудот;
- Покренување кампањи за еднаков пристап на жените;
- Креирање проекти за прибирање информации за економската положба на жената, особено на жената во руралните средини;
- Промовирање и поддршка на женските бизниси и претпријатија, вклучувајќи ги и оние од неформалниот сектор и еднаков пристап на жените до продуктивни ресурси;
- Обезбедување информации за можностите за вработување и остварување контакт со заинтересираните претпријатија.

Во Република Македонија активно работат неколку женски организации на локално и на национално ниво. Тие имаат подобри информации за состојбите на локално ниво, имаат добри контакти со целните групи и имаат изградено добра репутација и доверба. Повеќето од нив мрежно се поврзани за подобра и поорганизирана дејност. Сојузот на организациите на жените на РМ (СОЖМ) е една од граѓанските организации којашто дејствува на национално ниво во Република Македонија, а има особен придонес кон промовирање на женските права и ширење на женската мрежа во земјата и во светот. СОЖМ игра улога на катализатор на нови пристапи во подобрување на положбата на жената во општеството и иницирање на соработката меѓу страните вклучени во развојниот процесс, како што се академските институции, владата, граѓанските организации и женските групи.

Конкретно, во реализирањето на своите цели во рамките на СОЖМ е отворен Бизнис тренинг-центарот за жени, кој претставува центар за едукација, информирање и вработување. Бизнис тренинг-центарот има за цел преку активностите што ги нуди да ја стимулира самодовербата на жените и реализирањето на сопствените способности. Преку реализацијата на тренинг-курсевите за образовно обликување жените ги развиваат своите вештини и го надополнуваат своето знаење. Се иницира мотивација за самовработување меѓу жените. Се остварува медијација при вработувањето на жените и заштита на работничките права на жените кои се вработени преку Бизнис тренинг-центарот за жени. Исто така, во рамките на Бизнис тренинг-ценатрот во тек се подготовките за основање работен центар чии активности се наоѓање и понуда на работа на невработените жени и девојки.
Еден од проектите, реализиран од страна на СОЖМ, „Општеството за демократска култура" од Албанија и „Вредности" од Бугарија, а поддржан од Европската инцијатива за демократија и човекови права, е проектот „Вмрежување за успех". Овој проект овозможи градење мрежа на балканскиот регион и развивање погранична соработка меѓу жените и мотивација и зголемување на жените во процесот на одлучување.
Зајакнувањето на жените и промовирањето на економската независност на жените мора да биде приоритет на граѓанските и женските организации пред да добие феминизацијата на сиромаштијата пропорции на епидемија во светот.
Граѓанските организации мора да имаат одреден пристап кон женските групи. Тие мора да ги селектираат целните групи и да се фокусираат на нивните конкретни проблеми.
Граѓанските организации мора да овозможат соодветен професионален тренинг на жените за надополнување на нивните вештини.
Женските активистки досега му кажаа на светот дека зајакнувањето на жените е зајакнување на целото човештво. Сите локални проблеми на жените се истовремено и глобални. Длабоко вкоренетите ставови и практики ја овековечуваат дискриминацијата на жената во сите делови на светот. Мобилизирањето на жените ни овозможува да го гледаме светот низ очите на жената. Тој свет е полн со предрасуди, нерамноправност, дискриминација и маргинализација на жените, но и со нова движечка сила, која е сè помасовна и поорганизирана. Таа сила почна со отстранувањето на идеите за машката супериорност и женската инфериорност, до прифаќањето на концептот на женски права во генералниот мониторинг на човековите права.
Конечно, гласот на жената мора да се слушне со цел жената да излезе од историската затвореност во рамките на традиционално наметнатите стереотипи. Гласот на жената е критично важен за иднината на целиот свет, не само за иднината на жената.

Анифа Демировска

# Економско и политичко зајакнување на жените во транзициските земји во Југоисточна Европа

## Проблем: Неповолна положба на жените на пазарот на трудот, во деловниот сектор и во политиката

Во јуни 2000 година, во организација на Стар нетворк (STAR Network), во Пореч - Хрватска се состанаа 80 жени од целиот регион на Југоисточна Европа и беше усвоена заедничката Платформа за јавно застапување на економско и политичко јакнење на жените, со конкретни препораки за подобрување на положбата на жените во сите општествени сфери. По оваа конференција во целиот регион се случија позитивни промени и по препораките на поречката платформа се направија бројни напредоци, особено во сферата на економското зајакнување на жената. Со залагање на Советодавниот одбор на Стар нетворк од секоја земја од регионот е направена анализа на состојбите од земјите во регионот, со цел да сподели искуството и сознанијата и беше водена заедничка дискусија на претставнички од сите држави на регионалната конференција насловена како „Земјите ја обликуваат економијата и политиката", што се одржа во Пореч - Хрватска во 2002 година.

# БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

## Едукација на жените за претприемништво и јавни функции

Во БиХ многу важна улога во едукацијата на жените за создавање сопствени бизниси одигра граѓанскиот сектор. Прашањето коешто се поставува овде се однесува на валидноста и професионалноста на овој сектор за некои видови обуки. Важно е да се напомене дека граѓанскиот сектор беше движечка сила за поголемиот ангажман на жените за учество во јавните функции. Владите на ентитетите не презедоа никаква улога за поддршка на женското претприемништво.

## Пристап до професионалното усовршување/преквалификација

Прашањето за преквалификација се поставува како една од највидентните и најзначајните цели коишто неопходно мораат да бидат поставени. Имено, БиХ како земја во транзиција, се среќава со големиот проблем на кадри коишто веќе не се потребни или на кои им е потребна одредена дополнителна обука за некои занимања. Невработеноста е најголемо економско и социјално зло, а тешко е реално да се процени колку точно изнесува тоа. Претпоставките се дека околу 42,4% од вкупната работна сила е невработена, а од таа бројка мнозинството се жени. Невработеноста посебно е евидентна кај работнитците коишто работеле во индустријата. Мнозинството од нив работеле во големи системи. Современите текови бараат преквалификација. Голем чекор напред направија граѓанските организации кога станува збор за прашањето на стекнување дополнителни сознанија преку едукација. Голем број жени поминаа разни курсеви, коишто им обезбедија дополнителни знаења неопходни за современото вработување. Институционалните облици преку коишто се обезбедило дополнително усовршување мораа да се спроведат во соработка со синдикатите. Овој облик на соработка е неопходен и поради транзициските процеси.

## Менување и доследно спроведување на законите

Законот за полова рамноправност и еднаквост го регулира воведувањето на механизмот на родови текови (Gender mainstreaming). Овој закон наедно е база за сите закони и за измените на законите коишто не се родово сензибилизирани. Улогата на Родовиот центар ќе биде врзана и со процената на сите закони (кривичниот, семејниот и граѓанскиот) од аспект на родовиот концепт како процена на политиката на одредени министерства.

## Кредитирање на женското претприемништво и создавање фондови коишто даваат кредити

Кредитирањето на претприемништвото во БиХ, како и во многу други земји во транзиција, бара, пред сè, гаранција која е мерлива, т.е. поседување недвижен имот. Поголемиот број недвижен имот во БиХ се води на машките членови на семејството. Засега, во БиХ не постојат посебни кредитни линии за жени, иако постои таква идеја за создавање таква иницијатива. Мнозинството од жените коишто ги немаат исполнето условите за добивање банкарски кредит им се обраќаат на микрокредитните организации. Моментално во секој кантон, во просек, дејствуваат околу 20 микрокредитни организации. Тие нудат мали износи, најчесто со висококаматни стапки. Од друга страна, пак, според изјавите од жените коишто користат микрокредити, тие имаат предности бидејки не бараат големи гаранции, а целокупната процедура околу земањето и отплаќањето на кредитот е многу поедноставна. Навистина за отворање каков било бизнис којшто би подразбирал јакнење на улогата на жената во претприемништвото неопходно е многу да се направи за анимирање на институциите, како и на банките.

## Создавање партнерски односи помеѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор во општеството

Граѓанскиот сектор во општеството во последниве 2 години доби многу голема улога и значење. Имено, конечно се согледани можностите на овој сектор коишто ги има тој во транзициската БиХ. Постојат напредоци во смисла на анимација на претставници на одредени нституции во промовирањето и лобирањето за интересите поттикнати од страна на граѓанскиот сектор. Во овој период значајни напредоци се направени на планот на анимација и учество на граѓанскиот сектор преку јавни расправи поврзани со донесувањето:

- Закон за полова рамноправност и еднаквост;
- Стратегии за намалување на сиромаштијата;
- Акциски план против корупција;
- Стратегија за привлекување странски вложувања во БиХ;
- Глобална стратегија за економски развој на БиХ.

# ХРВАТСКА

## Едукација на жените за претприемачки и за усовршување на јавните функции

### Едукација на жените за претприемништво

Направен е значаен напредок. Бројните женски здруженија развија нови програми за обука, наменети за поттикнување на жените за влез во претприемништвото, како на пример:

- Центарот за едукација и советување на жените ЦЕСИ (CESI), Загреб, им овозможува на жените обука во руралните средини, и тоа компјутерско описменување, странски јазици и сл. Фокусот е ставен на вештините коишто можат да ги употребат жените во потрагата по работа или пак во стекнувањето дополнителни средства за домаќинството;
- Центарот за граѓанска иницијатива, Пореч, во соработка со бизнис-инкубаторот „Порин" од Риека и Претприемничкиот центар Пула, разви програма којашто нуди одличен модел за создавање партнерства помеѓу локалната самоуправа и граѓанските организации за решавање на прашањето на невработеноста, а се состои од тркалезни маси, работилници и индивидуални консултации;
- Центарот за жени „Роса" од Загреб досега спроведе неколку серии работилници наменети за невработени жени, со акцент на зголемувањето на самодовербата и јакнењето на жените;
- „Деша", Дубровник, во соработка со Заводот за вработување организира семинари (компјутери, странски јазици и сл.), па и работилници како што се „Поттикнувањето на женското претприемништво во туризамот".
- „Чекори на надеж", Сплит, организира обука за влез на жените во претприемништвото, обртот на средствата, изработка на работен план и сл. Со оваа обука оди цела низа активности за економско јакнење на жените коишто ги спроведуваат членките на Женската мрежа, од програма за сомоодржливост, до компјутерски курсеви, работилница за усвојување на органското производство на храна и сл. Исто така, во тек се и бројни иницијативи за воведување „женски модули" во новонастанатите програми за обука за претприемништво коишто ги спроведуваат единиците на локалната самоуправа.

## Пристап до професионално усовршување/ преквалификација

Нема посебни женски програми. Имајќи го предвид степенот на невработеност во Хрватска, недостатокот од програми за преквалификација е сериозен проблем којшто ги засега и мажите и жените. Досега постои само една програма наменета за подготовка на вработените за губење работата: Центарот за поттикнување промени во работењето, кој го развија Хрватскиот завод за вработување и Хрватската железница (ХЖ), со кредит од Светската банка. Меѓутоа, ХЖ исклучително е машко претпријатие. Со слична програма, наречена Транзициски центри, започна да работи Министерството за одбрана на Р. Хрватска, којашто исто така вработува претежно мажи.
**Прашање:** Зошто вакви програми не се осмислуваат за текстилните претпријатија, за угостителската индустрија или за јавните служби коишто ги чека стечајна постапка или реструктуирање, а во коишто поголемиот дел од вработените се жени?

## Кредитирање на женското претприемништво и создавање фондови коишто даваат кредити

На сите тркалезни маси коишто беа организирани од страна на Стар нетвортк, во сите градови во Хрватска, недостатокот од кредитни средства е идентификуван како еден од основните проблемина жените во претприемништвото, па поради тоа Стар започна разговори за посебни услови при кредитирањето на жените со Загрепската банка, со Сплитската банка и со Хрватската гаранциска агенција. Исто така, обврската за воведување женски кредитни линии е внесена во Националната политика за унапредување на рамноправноста помеѓу половите. За жал, оваа обврска многу општо е формулирана, без конкретно назначување за тоа кој треба да ја имплементира и во кој рок, па сега засега нема значајни напредоци на овој план.

## Создавање партнерски однос помеѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор во општеството

Позитивниот напредок е направен од страна на Собранискиот одбор за рамноправност помеѓу половите со вклучување независни стручњаци и стручњачки, како и активисти на ГО. Партнерските односи се развиваат споро, но сепак постои напредок. По доделувањето на средствата за спроведување проекти и програми, канцеларијата за здруженијата на Владата на Р. Хрватска им дава предност на програмите/проектите во чиешто

реализирање е вклучена соработката со други здруженија на државно-управните организации или со единиците на локалната/подрачната (регионална) самоуправа. Исто така, Канцеларијата на здруженијата, во категоријата човекови права им дава целосна поддршка на програмите за промовирање на женските права и еднаквоста меѓу половите.

## Примери на кампањи за јавно застапување базиран по препораките на Поречката конференција 2000

- Соработка со мажите
- Создавање мрежа
- Промоција на успешни жени
- Сензибилизирање на јавноста и медиумите за женските приоритети.
- Кампањата „16 дена активизам против насилството врз женит" за која БаБе смислија радиоџингл и ТВ-спот, наиде на добар одѕив ви јавноста. Сите членки на женската мрежа работеа на спроведувањето на оваа акција преку дистрибуција на постери, летоци, настапи на локалните радиостаници и слично.
- Во рамките на програмата „Жените го можат тоа" реализирана е медиумска кампања преку ТВ-спот за поддршка на жените на локалните избори, на која претседателот Стипе Месиќ им дава поддршка на жените преку печатење и дистрибуција на платнени торби и беџови во 23 града.

# КОСОВО

Жените во Косово поминаа тежок период по војната, посебно земајќи ги предвид женските животни проблеми, тешкотиите во комуникацијата, движењата, немањето поддршка, невработеноста, образованието и етничките тензии.

Граѓанските женски организации придонесоа многу и се констатира дека е подигната свеста на жените на повисоко ниво.

Граѓанските женски организации работат на решавање на бројните проблеми за вклучување на жената во јавниот живот, во политиката и во економијата. Женските здруженија и активистки се поврзуваат меѓусебе и развија многу програми од областа на психосоцијалните сервиси, рехбилитацијата, сексуалното образование, здравственото образование, половите прашања и друго.

Во Косово се отворија повеќе центри коишто работат на прибирање податоци за половите и публикување материјали за жените. Различни организации овозможија да се објават економски, политички и професионални материјали, коишто се поврзани за женските здруженија и бизниси.
Има многу локални женски организации во Косово коишто се организирани во своја мрежа (Косово - Женска мрежа). Една од главните активности на оваа мрежа беше организирањето на кампањата „Стоп за насилството врз жените". За периодот додека траеше кампањата беа организирани разни активности во повеќе градови (ноември-декември 2001г.). Кампањата продолжи и вклучуваше патувачка претстава креирана од приказните на косовските жени и песни компонирани специјално за оваа кампања.
Исто така, имаше и активности на регионална размена на искуства и најдобри примери. Косовските жени учествуваа на економските и синдикалните конференции, семинари и дебати на регионално ниво. Ова им помогна на нашите жени да увидат и други можности, да ги скршат бариерите на изолација и да стекнат доверба врз основа на фактот дека она што се прави на други места, доколку е потребно, може да се практикува и на Косово. Ова беше доказ за добрата волја за споделување информации, искуства и идна соработка.
Секој ден сè повеќе внимание им се посветува на активностите на малцинските заедници, со цел да им се овозможи на сите жени да ја подобрат нивната вклученост во јавниот живот. Конференции и семинари се организираат за зајакнување на мултиетничката соработка и изнаоѓање начини за мирен живот без поделба.
Во текот на овие години беа организирани многу конференции, семинари, тркалезни маси и дебати поврзани со политичкиот, со економскиот и со социјалниот живот. Една од овие конференции, „Жените во економијата", допре директно до економската ситуација на жените. Оваа конференција беше одржана 29-30 ноември, во хотелот Гранд во Приштина. Имаше 267 учеснички/ци, повеќе генерации жени, со различни професии, етникуми и организации коишто ги споделија своите видувања и ја анализираа економската ситуација. Исто така, тие дадоа свои препораки за разрешување на економските проблеми, особено обрнувајќи внимание на недоволната вклученост на жените во процесот на донесување одлуки.
За првпат жените од различни етнички групи се согласија за зедничка иднина во економијата. За време на оваа конференција се почитуваше правото на слобода на говорењето на својот мајчин јазик и материјалите од конференцијата беа преведени на албански, на српски, на турски, на ромски и на англиски јазик.

## Цели на конференцијата „Жените во економијата"

1. Унапредување на статусот на жените во косовската економија преку:

- Вклучување на креаторите на политиката на донаторите за да се обезбеди еднаков пристап до ресурсите и можностите за жените и девојките;
- Зголемување на средствата за да учествуваат жените во консултациите и во процесот на формулирање на економската политика и легислативата.

2. Создавање форум за анализа на податоци и размена на информации, особено за следниве прашања:

- статусот на жените во косовската економија;
- влијанието на актуелната економска политика врз жените;
- пропусти во донаторската поддршка за жените во економскиот развој;
- оневозможениот пристап на жените до ресурсите и можностите;
- странски инвестиции;
- идни трендови во економијата.

3. Помагање на долгорочните промени во половата дискриминација со истакнување на:

- вклучувањето жени од сите етнички заедници во економски активности;
- критичната потреба на девојчињата за пристап до образование.

Конференцијата траеше два дена. Првиот ден беше поделен на четири дела и главните предмети на расправа беа:

1. Донатори и креатори на политиката;
2. Полово буџетирање и економска писменост;
3. Ресурси, организациско јакнење и соработка со ГО;
4. Пристап до образование.

# МАКЕДОНИЈА

## Образование на жените за претприемачки или извршување јавни функции

Не се реализирани посебни програми со коишто би се обучувале жени за јавни функции. Сепак, тука ќе наведеме некои од програмите со коишто им се дава поддршка на жените да станат носители на јавни функции.
**ПРЕТПРИЕМАЧКИ** - Засега, на државно ниво, не е забележана некоја иницијатива за едукација на жените претприемачки.

- Во периодот од 2000 до 2002 година, локалната иницијатива АРНА - здружение на жените претприемачки, оспособи 203 жени за започнување сопствен бизнис.
- Институтот Отворено општество - економска програма, организира 2 семинари (2000-2002 година) за „Стратешко планирање на бизнис".
- Две мултисекторски иницијативи - Битола и Свети Николе работат во правец на оспособување на жените за претприемачки, но со вкупно 60 жени (во двата града) како целна група.

## Пристап до професионално усовршување / преквалификација

Професионално усовршување: Од правна гледна точка програмите за професионално усовршување се подеднакво пристапни и за двата пола. Тоа се рефлектира и на подеднаква процентуална застапеност на мажите и на жените во завршените програми за професионално усовршување.

- Магистратура: жени 0,3%, мажи 0,4%; докторат: жени 0,1%, мажи 0,1% за 1999 година.
- Преквалификација: две институции на директен или индиректен начин се занимаваат со оваа броблематика:

1) Бирото за вработување - не нуди посебни програми за преквалификација на жените. Пред сè, ги администрира програмите за преквалификација на работниците од текстилната индустрија, каде жените, како доминантна работна сила, се во најголем број и кориснички на овие програми;

2) Работничкиот универзитет - нема програми посебно прилагодени за жените и за нивните потреби, туку курсевите ги прави по однос на професијата. Се забележува еден општ тренд на зголемување на бројот на кандидатите кои ги завршуваат програмите за преквалификација. Ако се споредат бројките од 2001 год. кога вкупно 694 кандидата ја завршија програмата, само во првите два месеци од 2002 година се евидентирани 351 кандидат, од кои 248 се жени. Оваа појава недвосмислено укажува дека жената е најмногу засегната од транзицијата на стопанството кон пазарна економија. Вработувањето на жените е кратко, повремено и не одговара на нивните квалификации, со оглед на степенот на завршено образование на жените и на нивното професионално усовршување;

3) Женските ГО - вршат дополнителна едукација, но најмногу со организирање курсеви по англиски јазик, работа со компјутери, како и курсеви за кроење и шиење.

# Менување и доследно спроведувањена законите

## Иницијативи на ГО за менување на законите (во позитивна смисла)

- Предложени законски решенија за регулирање на проблематиката на семејно насилство;
- Предлог-закон за избори во којшто е содржана и одредбата за задолжително вклучување 30% кандидати од друг пол во изборните листи;
- Предлог-законски решенија коишто би ја регулирале проблематиката на сексуално вознемирување при вработување и на работно место;
- Иницијатива за изнаоѓање начини и идни можности за финансирање на граѓанските организации (ГО) од страна на бизнис-секторот. Овие предлог-закони се во собраниска процедура.

## Менување на законите (во негативна смисла)

- Закон за пензиско и инвалидско осигурување - во новиот закон жените го изгубија правото на пензионирање со 35 години работен стаж, а наедно се зголеми и старосната граница за пензионирање на 62 години.

## Во процес на преговарање

- З акон за здравствена заштита - се нудат решенија коишто водат кон уназадување на здравствената заштита, посебно во примарната заштита во областа на гинекологијата и педијатријата.

## Спроведување

- Нема женска ГО којашто би имала за цел независно од државата да ја надгледува имплементацијата на зоконите што се однесуваат на положбата на жените.

## Кредитирање на женското претприемништво и создавање фондови

Засега нема банки или финансиски институции коишто ги третираат жените како посебен субјект во кредитирањето.
Ги издвојуваме позитивните иницијативи како посебна поддршка на женското претприемништво:

- ,,Можности'', која е засега една од ретките организации што има микрокредитни линии само за жени-претприемачки;
- Меѓусекторските граѓански иницијативи поддржани од СТАР во Свети Николе и во Битола се залагаат за доделување микрокредити специјално наменети за жени или пак за воведување квоти за жени во повеќе постоечки микрокредитни линии.

## Создавањена партнерски односи меѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор на општеството

СТАР во континуитет се залага за меѓусекторска соработка на локално ниво. Таа соработка се однесува на јавно застапување на прашањето на жените во политиката и во економијата/претприемништвото.
Еден таков пример на ниво на град Скопје е и Женското лоби, како иницијатива произлезена од ГТФ, која промовира меѓусекторска соработка. Притоа, во Женското лоби членуваат жени од политички партии, од ГО, од медиуми, полово освестени интелектуалки, како и жени претприемачки. Засега

активностите на Женското лоби се однесуваа само на јакнење на жената во политичките партии и политиката во целост.

Потреби и препораки;
Идните општествени промени и на медиумите за женските прашања, на истрајноста за родовиот јазик.

- Соработка со мажите (интеграција на половите);
- Вмрежување (со економскиот и со политичкиот сектор, со секторот на граѓански организации, помеѓу нив на локално, на државно и на меѓународно ниво);
- Промовирање на успешноста на жената; и
- Зголемување на чувствителноста на јавноста и на медиумите за женските прашања, на истрајноста за родовиот јазик.

Катерина Николова

# „Моето лице, моето постоење"

## „Зборуваш во моето срце и велиш: „Побарај го моето лице".

Можам да ви зборувам за срцето на жената и за пронаоѓање на нејзиното лице, за пронаоѓање на нејзината положба во општеството, како и за нејзиното подобрување.

Во антропологијата се пишувало за биолошките наспроти општествените и културните услови како определници, се разбира во расправата за определниците на половите улоги.

Ернестин Фридл пишува за политичката расправа околу прашањата на половите улоги. На една страна се оние што тврдат дека вродените биолошки и психолошки разлики меѓу половите се неизбежните и делотворните причини за правата и обврските што им се доделени на мажот и на жената во сите општества.

Во некои општества од жената се очекува да ужива во половиот чин повеќе отколку од мажите; во други, обратно.

Застапниците на теоријата за влијанието на средината заклучуваат дека психобиолошките особини не можат соодветно да ги објаснат набројаните разлики и дека за важни определници на половите улоги мора да се сметаат општествените услови, а не човековата биологија.

Застапниците на теоријата за влијанието на средината не го одрекуваат постоењето на машката доминација во сите познати општества. Но, тврдат дека таа не е неминовна и не мора да остане трајна состојба на нештата.

Но, сепак, сето ова е дел од теориите и дефинициите на антропологијата.

Во моето истражување следи родовата (не)еднаквост и правата на жените, а низ овие редови се јавува и гласот на жената. Глорија Стеинем вели: „Длабоко во срцето, знам дека жената има две опции: да стане феминистка или мазохистка".

Сето ова е наспроти очекувањата дека технологијата и информатичкиот развој во општеството каде физичката сила е потребна во сè помал број работни места, рапидно ќе ја подобри состојбата во однос на прашањата за правата на жените, податоците се јасни: од почетокот на 70-тите години од 20 век економската нееднаквост, како меѓу земјите во светот така помеѓу половите и другите групации, расте. Таквиот тренд продолжи и во 21 век.

## Поларизација:

Борбата за правата на жените денеска во светот има различно значење во зависност од географската положба. Економската поларизација, север - запад наспроти југ, заедно со религиското и културното наследство придонесе, меѓу другото, во поларизацијата на степенот на остварени права на жените.

Одредени географски подрачја, благодарение на економскиот развој, стигнаа понапред во унапредувањето на правата на жените. Борбата за правата на жените е многу потешка кога истовремено треба да се борите со сиромаштијата, гладот, невработеноста и неписменоста.

## Злосторства врз жените:

Постојат голем број докази за злосторства врз жените: во некои земји едно од шест девојчиња ќе биде сексуално злоупотрбено пред да наполни 16 години; милиони девојчиња ќе бидат присилени на брак и потомство пред својата 13 година, физички и емоционално неспремни; стотици илјади продадени или киднапирани заради проституција во Источна и во Јужна Азија, но сè повеќе и во источна Европа. Во Индија и во Пакистан 90% од мажите ги тепаат своите жени. Во Африка со обрежување се унаказуваат телата на два милиони женски деца. Во Кина, исто како и во Индија, мајките, притиснати од воспитанието и социјалните вредности, го занемаруваат или убиваат своето женско потомство.

## Борба за основните права на жените:

Исто како проблемите на Југот што се разликуваат од проблемите на Северот/Западот, така и остварувањето на правата на жените е поделено на проблеми за остварување на основните права на жените како човечки суштества: право на непречено движење, право на изразување, право на образование, пристап до информации, соодветна исхрана, здравствена заштита, право на сопственост, право на работа, право на репродукција и планирање семејство, за кои се борат жените од Југот и борбата за потполна еднаквост на половите, за која се борат жените во економски развиените земји.

## Еднаквост на половите:

Жените од економски развиените земји, по неколкувековна борба, се изборија за своите основни човечки права. Да се рече, ова не е претерување, имајќи предвид дека до пред педесетина години жените немаа право на глас, до пред стотина години немаа право на имотна сопственост. Денешните проблеми се поразлични, но не помалку болни, понижувачки или сериозни. Актуелните прашања за половата еднаквост вклучуваат јазична дискриминација, дискриминација на работното место, во образованието, во јавноста и во политиката.
За жал, во развиените земји физичкото, сексуалното и психолошкото насилство се сè уште присутни и недоволно санкционирани.

## Правата на жените во Југоистична Европа:

Од формална гледна точка, во Југоисточна Европа не постои полова дискриминација во уставите и законите на земјите од регионот. Неформалната дискриминација е сепак многу поприсутна во споредба со земјите од западниот дел на Европа.

## ХРВАТСКА:

На пример, во Хрватска не постои државна служба за помош и заштита на жени и деца жртви на насилство. Во случај на семејно насилство, жената може да се потпре единствено на пријателите или на поширокото семејство. Во недостаток на таква помош, жената е принудена да го поднесува насилството. Постоечките закони, спороста и неефикасноста на правниот систем се во корист на насилниците. Трговијата со жени и деца е дел од синџирот којшто ја врзува Хрватска во борбата со злосторството, во борбата на криминалот со жените. Во Хрватска постојат граѓански организации коишто се во служба и во корист на жената.
Б.А.Б.Е ***биди активна, биди еманципирана***, стратегија, лобирање, феминизам, промоција и примена на правата на жените, е организација којашто целосно се придржува и залага за нормите коишто се поставени во корист на жената и „АНАРХО" - феминистичка акција од Загреб, е дел од јатото организации коишто ги штитат правата на жените, како и многу други организации.
Денеска во Хрватска процентуалната застапеност на жената во јавниот и во политичкиот живот е на завидно ниво. Нивното дејствување сè повеќе е во корист на жената и нејзиното право како и правото на постоење и дејствување во сферите што се нивни предизвик.

## БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА:

Основните права на жените во БиХ се далеку од целосно признаени. Женската популација во БиХ зазема повеќе од половина од бројот на жителите, но тој процент е далеку помал во сето она што ја врзува жената во јавниот и во политичкиот живот.

Законот за родови односи, усвоен во мај 2003 година, почна да се применува со отворање центри за родови односи во склоп на Агенцијата за родова еднаквост. Законот ја промовира, регулира и заштитува половата еднаквост, гарантира исти права за сите граѓани во јавната и во приватната сфера и ја забранува директната и индиректната полова дискриминација во областите на образованието, економијата, вработувањето и работните односи, социјалната и здравствената заштита, спортот, културата, јавниот живот и медиумите, независно од брачниот и семејниот статус. Во БиХ здружението „Жените за жените" промовира културна толеранција и ненасилство, образование за жените, почитување и прифаќење на разликите, додека „Родовите центри во БиХ" се фокусирани на жените и на примената на нивните загарантирани права во домашна и меѓународа сфера.

Сексуалната злоупотреба е исто така еден од акутните проблеми.

Проблемот на семејното насилство е еден од понагласените, но за жал и еден од проблемите за кој јавно не се зборува. Најчести жртви од овој тип насилство се жените (25-35 години), децата и постарите лица. Според неофицијалните податоци, се претпоставува дека едно од четири семејства го трпи ваквото насилство.

Трговијата со луѓе во Босна и Херцеговина, како и злоупотребата на жените во проституцијата, за жал, се во пораст. Босна и Херцеговина не само што е дел од ланецот на земји преку кои се одвива трговијата со луѓе, според податоците станува и извор на самиот проблем.

## СРБИЈА:

Кога зборуваме за женското движење во Србија, тоа е важен актер во социјалниот и во политичкиот сектор. Пресвртница во развојот на женското движење претставуваа отворањето на првиот СОС-телефон за жени и деца жртви на насилство, што работи на подобрување на животните услови на адолесцентите преку диреkна помош од СОС-телефонската линија, програми за реинтеграција, соработка со соодветни институции што работат со деца. Во склоп на сето ова се јавува и „Автономниот центар против сексуалното насилство", кој од страна на волонтерите на СОС-телефонската линија нуди диреkна помош и поддршка на жените жртви на силување и жртви на насилство од мажи.

Во периодот по 1992 година, во Србија, Војводина и Црна Гора основани се повеќе од 50 женски организации. На крајот од деведесеттите години во Србија започнуваат т.н. женски студии, кои нудат алтернативен

начин на едукација, објаснувајќи ја постфеминистичката терминологија, кибернетичкиот феминизам, глобализацијата од аспект на феминизмот и го истакнуваат прашањето на евтината женска работна сила и трговијата со жени во неолибералните концепти на светската економија.

Новото време, новиот начин на живеење, 21 век, на жените во Србија им донесе нови предизвици, јавна работа, политички функции, партнерства во бизнис-сферата, како и соработка со голем број организации коишто се залагаат за правата на жените.

## АЛБАНИЈА:

Албанија живееше долго под режимот на тоталитарен комунизам. Со навирањето на демократијата почна да се менува и менталитетот на албанскиот човек, кој по долго време доби можност да види и подруги општества и подобри можности. Во последниве неколку години албанските жени се стекнаа со економска независност и контрола врз својот живот. Овие промени тешко се прифаќаат во одредени сфери, поточно во семејствата каде за жената постои општоприфатената, однапред дефинирана улога. Како и во сите земји на Балканот, така и во Албанија се јавија голем број организации што се во корист на жените, за нивните потреби и за нивната заштита. „Албанската асоцијација за семејни планирања" се залага за здравјето како цел од планирањето на семејството, додека пак „студиите" за родови земји во транзиција како Албанија говори за образовен и истражувачки центар, кој се фокусира на развојот на социјалната и семејната свест, од аспект на положбата на жената во Албанија.

За семејното насилство за земја како што е Албанија речиси и немаме доволно податоци, бидејќи за овој проблем јавно и не се зборува. Жените Албанки полека но сигурно ја подобруваат положбата на својот статус, како и на својот идентитет.

## КОСОВО:

Пред почетокот на деведесеттите во Косово скоро и да не постоеше женско движење. Во 1999 година, пред почетокот на војната, имаше десетина активни албански женски организации. По завршувањето на конфликтот во Косово се регистрирани околу 600 граѓански организации чие поле на работа се жените и нивните права.

Постоењето голем број организации е исто така и резултат на меѓународната помош насочена кон подобрувањето на состојбата на жената во Косово. „Центарот за родови студии и истражување" стациониран во Приштина ги промовира и штити основните права на жените, додека „Центарот за рехабилитација на жртвите од насилство" им нуди на жените итна поддршка и помош од насилство на целата територија на Косово. Голем број од организациите работат на психолошката поддршка на жените и на прашањата

поврзани со здравјето на жените. Други се фокусирани на човечки права, едукација, дообука и тренинзи за жени. Сепак, основна пречка за еманципација на жените претставува лошата економска состојба.

## МАКЕДОНИЈА:

Жените во Македонија, многу повеќе де јуре отколку де факто, ја живеат еднаквоста на половите. Сепак кога се поставува прашањето за еднаквоста на половите, Македонија генерално може да се вброи во земјите со „долгогодишна" традиција, меѓутоа како и во другите држави во регионот тоа се должи на брзиот развој на еманципација на жените во социјалистичкиот период, кој повеќе декларативно отколку практично ги гарантира правата на македонските жени. Сè досега кажано за стереотипите, ефикасноста на правниот систем, односно во семејствата во градските и во руралните средини, во образованието и слично, како слика за животот и правата на жените од соседните држави може слободно да се преслика како пример за Македонија.
Понатамошен напредок во остварувањата на правата на жените може да донесат само групи жени и освестени мажи кои ќе продолжат со активности и лобирања, како и со образование за подигање на свеста на јавноста. Покрај тоа, жените самите треба да направат напор да се ослободат од прангите на неукоста и да ги прошират своите хоризонти, преземајќи нови општествени улоги, нови права и одговорности за своите животи.
И, најважно, да престанат да веруваат дека не можат.
Во Р. Македонија искуствата и практиките на граѓанските организации во подобрување на положбата на жената во општеството покажуваат сè поголеми и повидливи резултати, се разбира во корист на жената.
Во проектот „Стоп на трговијата со жени и сексуалната злоупотреба на девојките и жените", ООЖМ одржа семинар во Охрид којшто беше поддржан од ФИОО Македонија, и на кој се говореше токму за насилството врз жените. Жените јавно не сакаат да признаат за проблемот со којшто се соочуваат и за којшто им е неопходна помошта токму од вакви организации, а причините се сепак најразлични. Поддршката што им ја даде ООЖМ на жените е пред сè морална, а храброста јавно да проговорат за овој проблем ќе им го забрза нивното решавање на проблемот како и враќањето на самодовербата. Синџирот е спроведен насекаде во нашата земја, трговијата со жени и нивната сексуална злоупотреба ја забрзува работата за интервенција, а тоа се должи на распространетоста и поврзаноста на организациите.
За проектот „Гласот на жената од Македонија" ООЖМ даде целосна слика за сето она што ја мачи и сето она што ѝ е потребно на современата жена, за подобар и побрз пристап до бараните информации, како и за потребата од јавен пристап и јавна комуникација. Гласот на жената е сепак еден важен белег којшто му дава поубава слика на општеството, а потребата да се биде и да се може ја врзува и работата на женскиот свет.

Соработката на хуманитарниот комитет за ,,Човекови права'' и проектотот на СОЖМ ,,Поддршка на женските права во Западен Балкан'' го даде белегот којшто ги врзува овие земји, а тоа е еволуцијата и имплементирањето на постојните народи поврзани со домашното насилство.
,,Жените и медиумите'' го открии сензибилитетот за потребата од зголемено и рамноправно учество на жените во креирањето на медиумската политика и поддршка на медиумите во реализација на родовата рамноправност како приоритет, а сето ова беше поврзано и поддржано од страна на Кралството Норвешка.
Во активното подобрување за положбата на жената во општествотоземаат место и организациите: МЦМС - Македонски центар за меѓународна соработка; Асоцијацијата ,,Женска акција'', која во склоп на своето долгогодишно работење објави и своја програма во која жената е целосно застапена во секоја гранка на општеството и граѓанската организацијата ,,Престиж'' од Битола, која со активистите од најразлична возраст, националност, општествена и религиска припадност промовира родова еднаквост.
Но, положбата на жената денеска отвора и други битни прашања. Дали жените се рамноправни со мажите во изборот на професијата?
Жените сѐ повеќе сакаат влез во политиката?! Некои од нив ги облекоа и униформите на армијата, на полицијата и на царинат, занимања коишто во минатото се сметаа исклучиво за машки професии. Но за политичкото јакнење на жената во Македонија СОЖМ изгради стратегија за масовно вклучување на жената во политиката, а резултатот го покажа тоа на Локалните избори 2000 год. кога за првпат беа избрани 3 жени градоначалнички и 165 жени советнички.
Денеска оваа бројка масовно се зголеми што е чекор понапред за жената и за нејзината положба во општеството.
Ова е само дел од искуствата и практиките на граѓанските организации, а сето ова продолжува и понатаму со нови идеи и хумани луѓе кои се залагаат за подобра положба на жената во општеството.
Верувале или не, во светот името на жената е симбол на храброста, непокорноста, симбол на сексапилот, како и симбол на убавината, женственоста, чистотата и вечноста,
Онаму каде се спојуваат времињата преку генерации, онаму каде се испреплетуваат судбините на луѓето, онаму каде тивко и незабележливо се гради историјата на човештвото, таму е жената, тоа е пораката на симболот којшто вечно ќе стои како обележје на жената.
За жената може вечно да се пишува, таа е како музиката на музичарот, како сликата на сликарот, а за писателот е инструмент, а тоа е, се разбира, зборот, а дијалогот е машината што го става во движење уметничкиот свет, жената е негов уметнички свет.
Јас велам побарај го лицето на жената, побарај го и откриј го нејзиното срце, таму ќе го видиш светот, таму ќе ја видиш светлината, таму ќе ја откриеш вистината.

# Белешки за авторите

**Даниела Димитриевска** родена е во 1969 година. Дипломира на Земјоделскиот факултет во Скопје. Од 2004 г. е извршен директор на Македонското женско лоби. Веќе неколку години е активна во граѓанскиот сектор. Таа е еден од основачите на ЕСЕ и на Македонското женско лоби.

**Викторија Јакимовска** родена е во 1985 година во Скопје. Средното образование го заврши во Скопје во гимназијата „Јосип Броз Тито“. Студент е на Правниот факулетот во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Член е на Асоцијацијата на европските студенти по право, на Македонскиот Црвен крст и на Организацијата на жените на Македонија.

**Анифа Демировска** е родена во 1962 година. Дипломира на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Активно е вклучена во граѓанскиот сектор од 1966 година. Таа е претседател на Ромската граѓанска организација „Пхурт“ (Мост) од Делчево. Во моментот, Анифа Демировска работи во Управата за јавни приходи во Делчево, каде што и живее.

**Катерина Николова** родена е во 1982 година. Средното образование го завршува во Скопје, каде денес е апсолвент на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, група македонска книжевност и јужнословенски книжевности со подгрупа македонски јазик. Член е на новоформираното граѓанско здружение „Ново време“, со активно учество во хуманитарни активности и настани коишто се во склоп со мандатот на здружението и коишто се од значење за потребите на човекот и за општеството.